Лена ДАМОВСКА УДК: 371.4

# МОНТЕСОРИ ПЕДАГОГИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

***Кратка содржина***

*И денес, на почетокот на 21 век, со сигурност може да се констатира дека еден од најзначајните и во истовреме најоригинални модели за воспитно образовна работа со предучилишни и училишни деца, во светски рамки, претставува Монтесори педагогијата.*

*Што е тоа што прави овој модел постојано да биде актуелен и предмет на интерес на голем број педагози и психолози ширум светот?*

*Веројатно тоа се поинаквите поимања за детето и неговата улога во сопствениот развој; педагошките принципи на Монтесори кои се негуваат уште од првата половина на 20 век; оригиналниот педагошки дизај кој подеднакво се однесува на просториите каде што престојуваат децата(детската куќа), а многу повеќе на специјално подготвениот материјал што ја чини оваа филозофија на воспитание и образование сосема поинаква од се она што досега е етаблирано како комплетно, заокружен, систем на воспитание и образование.*

*Исто така, тука се вбројуваат и слободата на изборот; како и улогата на воспитувачот по многу нешта специфична и одговорна во креирањето на позитивна атмосфера во воспитно образовната група.*

***Клучни зборови:*** *МАРИЈА МОНТЕСОРИ, МОНТЕСОРИ ПЕДАГОГИЈА, МОНТЕСОРИ МАТЕРИЈАЛИ, ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ.*

## Основните принципи на Монтесори педагогијата

Во своите дела, Марија Монтесори (Marija Montessori) со големо почитување зборува за децата. Да му се помогне на животот вели таа, тоа е прв, фундаментален принцип на воспитанието.

Процесот на воспитание, според неа, не значи класично поучување на децата туку пред се, осмислување на потпора за нивен правилен духовен развој. Според Монтесори детето е духовно и телесно

суштество кое има своја индивидуалност. Со помош на својот дух, детето ќе се развие во независен, слободен и самостоен човек. (Seitz&Hallwachs, 1996:192). За време на својот развој детето не ги усвојува само човековите способности, силата интелегенцијата и јазикот, туку едновремено го прилагодува своето битие на условите на средината.

*1. Духот кои што апсорбира;*

За ова го оспособува неговата посебна психичка форма, која се разликува од онаа на возрасните. Врската на детето со средината е поинаква од врската на возрасните со истата таа средина. Додека возрасните и се восхитуваат на средината и се сеќаваат на неа, детето неа ја апсорбира.

Оваа привилегирана форма на дух кај детето, Марија Монтесори ја нарече *дух кој што апсорбира.* Според Монтесори тој престанува да делува после шестата година, односно после првиот развоен степен.

*2. Четири степени на развој;*

Развојот на детската личност според Монтесори се одвива во четири степени кои се менуваат на шест години.Во таа смисла Монтесори вели, ние човекот (детето) треба да го фатиме за рака. Со трпение и доверба да го поминеме низ сите четири степени на воспитание и образование. Треба да му понудиме се: училиште, култура, верба па дури и целиот свет. Мораме да му помогнеме самиот во себе да го развие она што ќе му помогне да сфати. Не станува збор само за теорија, туку навистина стнува збор за воспитно образовна пракса.

*3. Периоди на осетливост;*

Првите шест години од животот на детето, според Монтесори се многу важни. Тоа е период на особена осетливост за развивање на способности и подготвеност за учење. Духот што апсорбира не твори со помош на волјата, туку него го раководат внатрешни чуствителности, кои Монтесори ги нарекува внатрешни сензибилности. Сензибилноста трае само одредено време, само онолку за да ги зврши освојувањата одредени од природата.

Овие сензибилни периоди или *периоди на осетливост,* Монтесори успеа да ги искористи за целите на воспитанието на децата. Станува збор за посебна осетливост кои настануваат во развојот на детето. Нивното траење е ограничено. За Монтесори педагогот тоа значи дека треба точно да ги забележи сензитивните фази кај секое дете, адекватно да реагира и да подготви соодветен материал. Ова се разбира, треба да се работи индивидуално.

*4. Поларизација на вниманието;*

Во Монтесори педагогијата голема улога се посветува на концентрацијата кај децата и начините како таа да се подобри. За разлика од многу нејзини современици, Марија Монтесори утврдила дека и сосема малите деца способни се за длабока и апсолутна концентрација. Таа состојба на духот, според Монтесори се нарекува *поларизација на вниманието.* Секогаш кога ќе дојде до поларизација на вниманието кај детето, тоа се менува, може да се каже станува посмирно, покомуникативо (Seitz&Hallwachs, 1996: 48) и покажува извонредни внатрешни карактеристики кои потсетуваат на највозвишени духовни феномени.

**Што е тоа добро подготвена средина?**

Монтесори верувала дека за развој на детето му се потребни одредени услови во средината, чие отсуство предизвикува разновидни нарушувања во неговото однесување. Овие нарушувања се знак дека детето било лишено од нешто, дека некоја од неговите суштински потреби не се задоволени на соодветен начин. (Каменов, 1988, стр.156) Гореспоменатите принципи, бараат добро подготвена средина и стимулативно опкружување за секое дете. Само така тоа ке има можност и средтсва за самовоспитание. Тие средства не произлегуваат сами по себе. Тие се резултат на долгогодишни истражувања и набљудувања на детето. Материјалот е наречен по неговиот творец Монетсори – материјал.

Начелото за добро подготвена средина е од особена важност за Монтесори педагогијата. Структурата на личноста на Монтесори,

укажува на нејзината прагматичност. Отука можеме да ја разбереме нејзината потреба, детската куќа, да ја уреди со многу вкус и по мерка на децата во однос на големината и можностите за задоволување на детските потреби.

Ентериерот во Монтесори градинките, се потпира на педагошко-психолошките начела кои се во согласност со потребите на малите деца, а не на возрасните. Просториите во Монтесори детските градинки и школи имаат мебел кои одговара на детските потреби и го нудат оној материјал за вежбање и учење кои го поттикнува духовниот развој на секое дете(Seitz&Hallwachs, 1996: 52-53).

**Монтесори материал**

Својот материјал Марија Монтесори го поделила во пет различни подрчја:

1. Материјал за вежби за практичниот живот; 2. Материјали за вежба на сетилата; 3. Материјали за математика; 4. Материјали за јазик; 5. Материјали за космичко воспитание;

Монтесори материјалот му помага на детето:

1. Преку сензорна манипулација да стекнува искуства кои водат до претстави и до создавање поими (од фаќање до сфаќање);
2. Да препознава функции и закони; од општото да стигне до посебното;
3. Да се занимава со еден проблем, бидејќи на материјалот е преставено само едно својство;
4. Само да се контролира, бидејки материјалот содржи контрола на грешки.

Дизајнирањето на специфична воспитно образовна средина и нејзино опремување со оригинални материјали(изработени прецизно до перфекција), кои се однесуваат на сите аспекти од детскиот развој, во историјата на педагогијата, претставува успешен обид на понуда на комплетно, заокружен, оригинален педагошки пристап, поионаков, од сите дотогаш посточки.

Монтесори материјалите се изработени по ниво, тежина и сложеност, така што тоа се смета за прв програмиран материјал за предучилишно воспитание (Каменов, 1988: 166)

*Слободен избор*

Важно начело во Монтесори педагогијата е слободната понуда на материјалот кои е достапен на секое дете. Заради поттикнување на различни вежби и дејности, детето го наоѓа достапниот материал на полиците и на ѕидовите во просторијата.

Слободниот избор е дејност од највисок ранг: само детето знае што му е потртебно за вежбање и за негов духовен развој. (Seitz&Hallwachs, 1996: 50).

Монтесори укажувала колку е важно да постои голем избор на материјали кои се на располагање на децата. Но, големиот избор на материјали не е најважен, туку колку е понудениот материал осмислен и колку е средината подготвена на потребите на детето. (Seitz&Hallwachs, 1996: 51).

Целиот свој живот Марија Монтесори ја прикламирала потребата за слобода на изборот, за самостојно мислење и за човечко достоинство. Таа сметала дека вистинска и внатрешна слобода не може да се даде, туку секој мора да ја вгради во себе како дел од својата личност и затоа таа не може да се изгуби.

**Улогата на воспитувачот**

Противниците на Монтесори педагогијата, понекогаш се застапници на мислењето дека се работи *за педагогија без педагог*.

Тоа од една стрна се објаснува, со автодидактичкиот карактер на Монтесори материјалот а од друга страна, со изјавите на самата Марија Монтесори, дека се работи за радикална промена на активноста за која претходно беше одговорен само воспитувачорт а сега во нашата метода таа одговорност ја презеде самото дете (Seitz&Hallwachs, 1996: 59).

Улогата на воспитувачот во Монтесори педагогијата е многу одговорна. Тој постојано има контрола на целата ситуација и во секој момент треба да знае што се случува во групата.

Добриот воспитувач знае да ги набљудува децата, индирекно да ги насочува и да ги поттикнува. Нејзините зборови, нејзината енергија и нејзината строгост не се толку потребни, меѓутоа потребна е нејзината мудрост да може поединечно да пристапи на конкретен случај и да одговори на потребите на конкретно дете...

Исто така воспитувачот во Монтесори педагогијата треба да поседува една одредена морална спретност, која ниедна метода досега не ја барала од неа, а се состои од мир, трпеливост, понизност и милосрдие. Најдобра претпоставка за ова не се зборовите туку доблестите на одреден воспитувач (Seitz&Hallwachs, 1996: 59).

*Тајната на тишината во Монтесори педагогијата*

Активностите на децата кои посетуваат Монтесори градинки, се карактеризираат со целоса посветеност на материјалот со кои се манипулира, проткаени со неверојатна концентрација и тишина, нетипична за другите модели на воспитно образовна работа со предучилишни деца.

Тишината, вели Монтесори, „ни носи сознанија што сè уште сосема не сме ги разбрале, сознание дека имаме внатрешен живот". Преку тишината детето, можеби за прв пат станува свесно за својот внатрешен живот.

## Монтесори педагогијата кај нас (можности за нејзина примена)

*Постојна ситуација*

Последите десетина години, со појавата на различни модели на воспитно образовна работа во предучилишното воспитание во Македонија, се промовираа поинакви програмски цели и задачи, и се разбира сосема поинакви стратегии или форми, методи и средства како да се дојде до нив.

Голем број проекти, отстапувајќи од теоретскиот модел на програма и од најголемиот број стандарди што на почетокот самите ги промовираа, кака одредена иновација или можност за унапредување на воспитно образовната работа со децата (целта, бројот на воспи-

тувачи, опременост со играчки материјали и други дидактичко-методски средства), ја изгубија својата автентичност и оставија многу голем простор за импровизации и дилетански пристап во воспитно образовната работа со децата.

*Монтесори методот во Македонија?*

Можеби, главно заради пренагласениот индивидуализам, интелектуализам, и примесите на религија во Монтесори педагогијата, таа како филозофијата на воспитание и образование, воопшто не заживеала на овие простори.

Сепак некои активности кои се реализираат во Монтесори педагогијата денес, се препознаваат во секојдневните активности на воспитувачите со децата кај нас, меѓутоа тие се поинаку крстени или сместени во друг блок на програмски задачи.

Во воспитно-образовната работа со децата, постојат можности за прифаќање на некои од принципите на Монтесори педагогијата во Македонија.

Меѓутоа нејзиното комплетното прифаќање, кај нас, претпоставува комплетно нова просторна и временска организација на воспитно образовниот процес.

Тоа значи, почитување на постојните стандарди за бројот на деца во група, опремување на просторот, обезбедување на потребниот дидактичко-методки материал(Монтесори материал) и се разбира добро обучени воспитувачи, што обично е најголемиот проблем за успешно заживување на секој нов модел на воспитно образовна работа кај нас.

Тоа е единствениот начин да се избегне било каква импровизација на овој популарен медод на работа со предучилишните деца кај нас.

Во едно од своите последни дела, Монтесори ќе запише: Во средиштето, треба да стои човековата личност, а не воспитната метода.

Од овој аспект таа предлага ново формулирање на воспитанието, односно на воспитната метода како помош на човековата личност во стекнување независност.

Овие изјави на Монтесори претполагаат, секој воспитувач да се праша за ориентациските аспекти што треба да се земат предвид при утврдување и разбирање на сопственото значење како воспитувач. Бидејки од воспитувачот најмногу зависи успешното реализирање на секој модел на воспитно образовна работа.

(Рецензент: *проф. д-р Снежана Адамческа*)

**ЛИТЕРАТУРА**


Seitz, M. & Hallwachs, U., (1997) Montessori ili Waldorf. Zagreb: Educa 29.

Montessori, Maria, (1997) The Discovery of the child. Oxford: Clio Press.

Каменов, Емил, (1988) Предучилишна педагогија (книга 1). Скопје: Просветно дело.

Интерни материјали од проектот (Унапредување и згрижувањњето и третманот на деца со пречки во развојот) ГТЗ – Скопје.


Lena DAMOVSKA

## THE MONTESSORI PEDAGOGY IN MACEDONIA


### Abstract

*This article presents the basic characteristics of the Montessori pedagogy and the possibilities for its application in Macedonia.*

*The original philosophy of rearing and education, its specific approach and the respect of the child, the specially organized materials, and the overall atmosphere that is nurtured in the Montessori kindergartens makes this system of rearing and education very authentic and different from all the models that were applied in the rearing and education work with children in the country and around the world.*


***Keywords:*** *MARIA MONTESSORI, MONTESSORI PEDAGOGY, MONTESSORI MATERIALS, PRESCHOOL REARING AND EDUCATION.*